**EQUAL SCITECH: ПРОМОВИРАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО НАУКАТА И ТЕХНОЛОГИЈАТА**

KA220-SCH-31D268AC **ЈУНИ 2023**

# БИЛТЕН 1

## ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот EQUAL SciTech има за цел да го зголеми интересот, посветеноста и постигнувањата на девојчињата во науката, технологијата, инженерството и математиката преку борба против стереотипите во која ќе бидат вклучени учениците и наставниците. Во исто време ќе ги охрабрува девојчињата низ своето школување да изберат кариера во СТЕМ. Проектот исто така има намера да го подобри квалитетот на наставата и учењето со користење на различни алатки поврзани со неформалното образование.

Co-funded by the European Union

## ТЕМИ

- Промовирање на родовата еднаквост
- Развивање на нови методи и техники за учење
- Подобрување на дигиталните вештини и способности

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

- Професионалци од образовната заедница како што се наставници, STEM едукатори, тренери, училишни советници и истражувачи.
- Учениците ќе имаат бенефит од овој проект, во смисла на тестирање на создадените педагошки материјали со можност да дадат вредни повратни информации за нивната релевантност и соодветност, што исто така може да резултира со потенцијални измени или прилагодувања.

# ПАРТНЕРСТВО

1. **Група на училишта Агуас Сантас – Маја, Португалија**
2. **ГЕОКЛУБ – Асоцијација за младинска наука, природа и авантура – Рио Тинто, Португалија**
3. **И.И. С.Г. Фортунадо – Рионеро Инвултуре, Италија**
4. **Сервис за младинска Европа – Потенsa, Италија**
5. **Еразмус Ме Академија ГГМБХ – Бон, Германија**
6. **СОУ Перо Наков – Куманово, Северна Македонија**

# АКТИВНОСТИ

1- Истражување за моменталната состојба на образованието на жените во STEM. Податоците ќе бидат соберени од страна на секој партнер преку анкета спроведена во својата земјата. Извештајот ќе биде проследен до водечкиот партнер според договорениот образец.

2 - Спроведување на анкета во форма на интервјуа со 6 професионалци на тема методи, алатки и практики коишто се користат во областа на СТЕМ образованието, со посебен фокус на родовите прашања во секоја земја-партнер. Оваа активност ќе се спроведе преку заеднички прашалник чии резултати ќе се соберат во финален извештај проследен до водечкиот партнер според веќе договорениот образец.

3 - Изготвување на интерна анкета преку прашалник кој ќе биде дистрибуиран меѓу членовите на партнерските организации. Анкетата ќе биде спроведена од страна на секој партнер и секој ќе достави извештај до водечкиот партнер според договорениот образец.

4- Водечкиот партнер врз осонова на заклучоците од горенаведените задачи ќе пристапи кон изработка на Водич за подобар пристап кон СТЕМ.

5- Повратните информации и финализирање на Водичот за подобар пристап кон СТЕМ ќе бидат проследени на водечкиот партнер. Потоа сите партнери ќе работат на финалната верзија на овој документ.

6 - Сите партнер организации ќе изготват превод на Водичот на својот мајчин јазик за подобар пристап.

Co-funded by the European Union

# ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

- **Пакет педагошки алатки;**
- **Водич за подобар пристап кон прашањето за еднаквост;**
- **Креирање на игра за начинот како да се пристапи кон прашањето;**
- **Креирање на водич и интерактивна книга за тоа како да комуницирате и кои се женските модели во областа на интересот.**



# ПРВ ТРАНСНАЦИОНАЛЕН СОСТАНОК

Првиот транснационален состанок се одржа на 31 мај 2023 година во градот Маја, град кој се наоѓа на неколку километри од Порто, во Португалија, каде што партнерите се сретнаа во Институтот Агрупаменто де Есколас де Агуас Сантас.

За време на посетата, партнерите имаа можност подобро да се запознаат и да се претстават: СОУ ПЕРО НАКОВ (Северна Македонија) го претставуваа Александра Георгиевска и Ивана Близнаковска Доцевска; YES (ИТ) од Вероника Сума; IIS Giustino Fortunato (Италија) од Мануела Марсико и Марија Грација Имбриано; Академија Еразмус МЕ (Германија) од Вакас Ахмед и Ахмед Хасан; Geoclube (Португалија) од Марија Енеа и Сара Кастро, AESCAS (Португалја) од Марта Реис, Ангела, Андраде и Теотонио.

За време на состанокот сите партнери ги споделија PowerPoint презентациите и/или видеата на нивната институција/НВО. Координаторот направи општа презентација на проектот, објаснувајќи го контекстот, главните теми, целите, активностите, очекуваните резултати, задачите и одговорностите на секој партнер.



*Проектен состанок во Португалија*

## ДИСЕМИНАЦИЈА

Ka2equal

KA2EQUAL

equalscitech.ka2@aescas.net



Co-funded by the European Union

Оваа публикација ги прикажува исклучиво видувањата на авторот и Комисијата не се смета за одговорна за информациите содржани во истата и нивната употреба. Проектот е финансиран со поддршка на Европската Комисија.

Број на проектот KA220- SCH- 000088149 EQUAL SciTech